Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Министерството за финансии врз основа на член 22 став 1 алинеја 2, став 3, став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“, број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 став 1 точка 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, објавува

**ОГЛАС БРОЈ 2/2026 ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

Министерството за финансии објавува оглас за вработување на 1 лице на определено време, заради привремено зголемен обем на работа за период од една година, на следното работно место, и тоа:

**1. Возач, Одделение за административно-техничка поддршка, во Сектор за општи работи – (1 извршител);**

**<u>Потребни квалификации:</u>**

- средно образование;
- возачки испит Б категорија;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

**<u>Основна нето плата:</u>** 26.352,00 денари.

Заинтересираните кандидати треба да достават докази за исполнување на условите што се бараат за работното место на кое аплицираат, односно: кратка биографија – CV со задолжително наведен контакт телефон и адреса; фотокопија од доказ за завршено образование кое се бара за работното место; фотокопија од уверение за државјанство и фотокопија од возачка дозвола за Б категорија.

Потребната документација да се достави во затворен коверт на следнава адреса:

**Министерство за финансии**
**ул. „Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје**
**(со назнака „за оглас за вработување“)**

На ковертот да се наведе бројот на огласот на кое се аплицира, со напомена: „Не отворај“.

Рокот за доставување на потребната документација е три (3) работни дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана.

По разгледување на поднесените пријави, кандидатите кои имаат уредна документација ќе бидат повикани за дополнителна селекција во просториите на Министерството за финансии.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ministria e Financave
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 634
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Министерството за финансии ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Лица за контакт:
Лилијана Стојановска - тел. 02/ 3255 624; lilijana.stojanovska@finance.gov.mk
Кимет Куртиши - тел. 02/ 3255 634; kimet.kurtisi@finance.gov.mk